**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за земјоделство**

Архивски број: 04 - 996 / 5.
Датум: 14.11.2023 година

Записник

За спроведениот практичен дел од испитот за
стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 102/2019) и Правилник за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 238/2019 и 167/2021), на ден 14.11.2023 година, со почеток во 10:00 часот, во службените простории на Државниот инспекторат за земјоделство, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор, формирана од в.д. Директор на Државниот инспекторат за земјоделство со арх.бр.04-996/4 од 31.10.2023 година, се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисија за полагање на практичен испит во состав:

1. д-р Мери Петреска – Виш инспектор, ментор
2. Љупчо Трошански – Главен инспектор, член
3. Горан Ташев|– советник инспектор, член
4. Меџит Јусуфи – член на Инспекциски Советот за соодветната област

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за кандидат за инспектор Златко Колев со звање Помлад инспектор, распореден на работно место Државен инспектор за земјоделство за инспекциски надзор од областа на квалитет на земјоделски производи во Република Северна Македонија во Одделение за инспекциски надзор од областа на квалитет на земјоделски производи – Сектор за инспекциски надзор од областа земјоделство со руралниот развој, органско производство, тутун и тутунски производи и квалитет на земјоделски производи, категорија В, ниво В4 со решение број 04-861/30 од 17.11.2022 година сметано од 24.11.2022 година.

Испитот се спроведе согласност член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 238/2019 и 167/2021), при што кандидатот за инспектор Златко Колев изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

Презентацијата на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Златко Колев за ниво В4 – Помлад инспектор, ги утврди освоените бодови и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| Фаза 1 | Планирање и подготовка на инспекциски надзор | 15 бодови |
| Фаза 2 | Спроведување на инспекциски надзор | 30 бодови |
| Фаза 3 | Затворање на инспекциски надзор | 30 бодови |
| Фаза 4 | Документирање на инспекциски надзор | 15 бодови |
| | **Вкупно освоени** | **90 бодови** |

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Златко Колев за ниво В4 – Помлад инспектор, освои вкупно 90 бодови и со тоа успешно го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

Почеток во 10.00 часот на ден 14.11.2023 година,
Завршување во 13:30 на ден 14.11.2023 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот.

д-р Мери Петреска ____________________

Љупчо Трошански ____________________

Горан Ташев ____________________

Меџит Јусуфи ____________________

Изработил: М.П

Доставено до:
- Именуваните
- Архива


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk